ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-176/1
28.04. 2022 год.

ИСТОЧЕН РЕГИОН

**СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН**

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

---

Врз основа на член 22 став 1 алинеа 4 и член 43 став 4 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/21 и 174/21) и член 2 став 1 алинеа 4 од Деловникот за работа на Советот за развој на Источен плански регион бр.02-206/1 од 29.06.2021 година, Советот за развој на Источен плански регион, на VI-тата Седница одржана на ден 28.04.2022 година, ја донесе следната:

**Одлука**
**за утврдување на**
**Листа на Предлог - Проекти за развој на Источен плански регион**

**член 1**

Со оваа Одлука, се утврдува следната Листа на Предлог - Проекти за развој на Источен плански регион:

1. Уредување на рекреативен центар во туристичка населба Равна река – II фаза;
2. Подобрување на условите за развој на планинско-рекреативен туризам - Уредување на СРЦ Пониква;
3. Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во Источен плански регион – Електрификација, оградување и поставување на туристичка сигнализација на археолошки локалитет Баргала и Поплочување на улица во автентичен стил во населба Ново Село;
4. Подобрување на состојбата со каналите за наводнување и одводнување и каскади на Зрновска река;
5. Подобрување на условите за развој на манифестациски туризам - Реконструкција на Сина сала при Дом на култура Тошо Арсов – Виница;
6. Заштита на животната средина преку изградба фекална канализација во с. Соколарци – II фаза.

**Член 2**

Предлог - проектите од член 1 на оваа Одлука се рангирани според приоритетност утврдена од страна на Советот за развој на Источен плански регион.

**Член 3**

Предлог - проектите од член 1 на оваа Одлука ќе бидат аплицирани за користење на средства за финансирање на проекти за развој на Источен плански регион од Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.78/22)".

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Совет за развој на Источен плански регион
Претседател,
Иван Јорданов

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН Штип